# III. УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ИНСТАЛАЦИЈАТА

**С О Д Р Ж И Н А**

III.1 Структура за управување на Жито Малеш АД Берово ................................ 2
III.2. Управување со животната средина ...................................................................... 9
III.3 Компетентност, стручна оспособеност и свест ................................................ 10

## Прилог III

1. Организациона шема на Жито Малеш АД Берово

## III.1 Структура за управување на Жито Малеш АД Берово

- **Кратка историја на Жито Малеш АД Берово**

Жито Малеш АД Берово за интензивно свињарство во с. Смојмирово, претставува фарма за одгледување на свињи, за производство на гоеници.

„Жито Малеш” Свињарска фарма АД Берово е правен следбеник на ПОС АК МАЛЕШ Берово од 01.07.1998 год се подели на 2 субјекти:

- Жито Малеш Свињарска фарма АД с.Смојмирово Берово
- Малеш Експорт АД Берово

Поделбата е извршена со спогодба и превземање на обврските по блокажата на ж. с-ка на АК Малеш бр. 40410-601-5764 за обврски по основ на данок, придонеси, судски решенија и акцептни налози. Записник бр. 0503-53 за утврдување на позициите на сметките на делбениот биланс, спогодба 01-03-90 за поделба на акционерскиот влог вложен во акции на Стопанска банка АД Скопје, како и други попратни документи.

Од 01.07.1998 година „Жито Малеш” Свињарска фарма АД Берово работи самостојно со посебна жиро сметка.

Фармата е основана 1979 год. со годишен капацитет од 15000 гоени свињи. За своето 35 годишно работење повеќе пати го има менувано правниот статус. До 1985 год. работи во состав на ЗИК „Малеш” Свињарска фрма АД Берово „Малеш” Берово како ООЗТ, во 1986 год. работи како ООЗТ во составот на РО КИФ „Македонија” од Свети Николе, а во почетокот на 1987 год. се издвојува како самостојна РО „Сточарство” Берово, од 1988 е под стечај а од 1989 год. во склоп на ЗИК “Малеш” Берово. По што од 01.02.1997 год се приклучува во системот на Жито Вардар и од 01.07.1997 год е регистрирано самостојно АД „Жито Малеш” Свињарска фарма. Во 2014 година Жито Вардар го продава својот дел од акциите на свињарската фарма ДЕЛМЕС од Делчево, со што таа станува доминантен сопственик во Акционерското друштво.

- ***Управување***

Организационата шема на „ЖИТО МАЛЕШ” АД Берово е направена така што ќе можат сите прашања во врска со целите и активностите на компанијата брзо, детално и ефикасно да се решат. Структурата на раководење и раководниот тим шематски се претставени на дијаграм во органограмот од овој Прилог.

Во политиката на управувањето на инсталацијата, животната средина е земена како фактор на кој што посебно треба да се посвети внимание и да се намалат влијанијата врз неа.

Целосната одговорност за работата на инсталацијата ја има Директорот, но најчесто одговорноста за производството, одржувањето и контрола на квалитетот е делегирана од Раководителот на производство.

Секојдневната контрола на работата на инсталацијата со целосна одговорност ја имаат превземено сите вработени во инсталацијата.

Сите вработени имаат соодветни квалификации и искуство, а дел од нив и реализирани обуки за извршување на своите задачи и функции. Персоналот вклучен во производството, финансиските работи и ветеринарниот оддел имаат независни соодветни квалификации.

Операторите прецизно се обучени за работата која им е доверена. Дадена им е инструкција за секоја забележана неправилност да го известат Извршниот Директорот или Раководителот на производството.

**На Прилог I е претставена Организационата шема на „ЖИТО МАЛЕШ” АД Берово**

## ОРГАНИЗАЦИОНА ШЕМА НА ЖИТО МАЛЕШ АД БЕРОВО



## Одговорности на работните места во Жито Малеш АД Берово

### Извршен директор

- Го организира и усогласува процесот на работата во друштвото;
- Предлага производно-финансов план за наредната година;
- Ги превзема сите неопходни мерки за реализација на истиот;
- Ја предлага деловната политика и мерилата за нејзинос проведување;
- Превзема потребни мерки за подобрување на организацијата на работењето за зголемување на продуктивноста, економичноста и рентабилноста на фармата;
- Ја организира во целост технологијата на производството;
- Соработува со надлежните стручни институции;
- Ги следи најновите научни достигнувања во доменот на производството;
- Ги анализира недостатоците во работата во фармата;
- Ги открива и отстранува техничко-технолошките недостатоци во секторот производството;
- Врши и други работи согласно Статусот на друштвото и одлуките на одборот на директори
- Ја следи состојбата на животната средина.

### Раководител на фарма

- Го организиара и усогласува процесот на работата во друштвото;
- Превзема потребни мерки за подобрување на организацијата на работењето за зголемување на продуктивноста, економичноста и рентабилноста на фармата;
- Ја организира во целост технологијата на производството;
- Соработува со останатите раководители на работни единици;
- Соработува со надлежните стручни институции;
- Ги следи најновите научни достигнувања во доменот на производството;
- Ги анализира недостатоците во работата во работните единици;
- Ги открива и отстранува техничко-технолошките недостатоци во секторот производството;
- Се грижи за правилна употреба на основните средства и ја организира потребната контрола на истите;
- Се грижи за бројната состојба на стадото во склад со обртот на стадото;
- Врши и други работи по налог на директорот на фармата;
- Се грижи за квалитетно раководење со животната средина и ги следи состојбите во животната средина.

### Раководител на финансии

- Ја организира работата во сметководно финансиското работење на фармата;
- Ги изготвува периодичните и завршните сметки;

- Составува потребни извештаи од делокругот на финансиското сметководно работење;
- Го контролира благајничкото работење;
- Се грижи за правилно утврдување на финансиските резултати на фармата;
- Ги врши сите работи поврзани со деловните банки за одобрување на кредити и нивна реализација;
- Се грижи за чување на финансиската документација во согласност со законските прописи;
- Ги прати сите прописи кои се однесуваат на сметководно финансиските работи и се грижи за нивно спроведување;
- Врши и други работи по налог на директорот на друштвото.

**Раководител во прасилиште и Б фаза**

- Врши евидентирање на родени и угинати прасиња;
- Врши евидентирање на преведени свињи од категорија во категорија (од назимки во мајки)
- Врши разместување и класирање на прасиња на прасилиште и Б фаза;
- Врши евидентирање на бројната состојба на прасињата и свињите во Б фаза;
- Врши обележување на сите категории свињи согласно правилникот на Р. Македонија;
- Врши пополнување на матични картици и матични книги за сите категории на свињи;
- Се грижи за микроклимата во објектот;
- Врши мерење на родени и одбиени прасиња и излез на тетовирани прасиња од Б фаза;
- Секојдневно соработува со раководителот на фирмата и другите РЕ;
- Се грижи за хигиената и подготовка во двете фази;
- Врши прием на спрасни свињи и истерување на одбиените грла;
- Врши и други работи по налог на раководителот на фармата.

**Раководител на чекалиште, препустилиште и лабораторија**

- Го контролира квалитетот (броење) на земената сперма од нерезите;
- Врши миење, чистење, стерилизација на инструментите за работа;
- Го прати планот на букарење и води евиденција за реализација на истите;
- Врши контрола на хранење на крмачите;
- Припрема сперма за потребите на фармата;
- Врши припрема за испорака на сперма за други фарми;
- Врши и дуги работи по налог на раководителот;
- За својата работа одговара пред раководителот.

**Осеменител-откривач**

- Врши земање на сперма од нерезите и врши разгледување на истата;
- Врши осеменување на крмачите по даден план од селекцијата;
- Врши обучување и припрема на млади нерези за В.О.
- Врши одредување на спрасноста со соодветен апарат;
- Ја контролира микроклимата во халите;
- Врши водење на потребната евиденција за нерезите, крмачите и назимките во соодветни книги за В.О.;
- Врши откривање на крмачите и назимките кои се во еструс;
- Врши обележување на крмачите и на назимките кои се во еструс заедно со лидерот на прасилиште и Б фаза;
- Врши читање на ушните броеви на приплодниот материјал;
- Врши обикиолка со нерезот откривач во припуштилиште и назимарник;
- Врши групирање и распоредување на крмачите, назимките и нерезите во присуство на матичарот и раководителот;
- Врши претерување на спрасни крмачи и прием на одбиени крмачи;
- Врши припуст на назимки;
- Врши истовар на концентратот во вреќи во производниот сектор
- Врши и други работи и работни задачи по налог на раководителот во репродукција, препустилиште и лабораторија.

**Раководител во товалиште и назимарник**

- Ја организира работата во РЕ товалиште и назимарник;
- Врши прием на прасиња до Б-фаза
- Врши класирање на прасињата заедно со работниците од Б-фаза во тов;
- Врши класирање на прасињата на постара возраст во боксовите за тов;
- Врши прием и класирање на тетовирани прасиња во посебни боксови;
- Врши контрола на заостанатита храна во хранилките;
- Врши контрола на исхраната на свињите ;
- Ја контролира исправноста на хранилките;
- Врши контрола на растурот на храна;
- Се грижи за микро климата во халите;
- Се грижи за навремена припрема на халите за прием на прасиња;
- Го организира утоватот на свињите за продажба;
- Одговара за бројната состојба на свињите во тов;
- Врши и други работи по налог на раководителот;

**Раководител на ветеринарна служба**

- Раководи со целокупната ветеринарна служба;
- Се грижи и одговара за здравствената состојба на свињите во целата фарма;
- Први распоред за работењето на ветеринарните работници;
- Одредува дијагноза и соодветна терапија;

- Прави годишна програма за превентивата и куративата во работата на Ветеринарната служба;
- Во случај на појава на одредени заразни болести во фармата и нејзината околина превзема одредени превентивно-санитарни мерки во соработка со надлежниот републички ветеринарен инспектор;
- Ја спроведува програмата за спречување на одредени заразни болести на територијата на РМ, добиена од овластениот републички ветеринарен инспектор;
- Води контрола во фармата за испраќање на грла за присилно колење и за истите издава соодветна документација;
- По потреба врши секцирање или присуствува на истата кај пцовисани грла;
- Врши контрола и врз основа на тоа дава стручно мислење за вселување на свињите од една фаза во друга;
- Ја прати комплетната исхрана на сите категории на свињи и донесува одлуки за употреба на медицинирана храна;
- Дава налог за набавка на лекови;
- Прави спецификација за набавка на лекови, вакцини, инструменти и др. средства кои се неопходни за работа на ветеринарната служба и истите самостојно и независно ги набавува;
- Ги следи научните достигнувања во свињарството преку набавка на стручна литература и учествува на симпозиуми и семинари од обласа на свињарството;
- За комплетната работа во врска со здравствената состојба во фармата се консултира со Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и други научни установи во земјата и надвор од неа. Должен е да се јави на повик за интервенција во фармата и по истекот на работното време;
- Одржува редовни стручни контакти со раководителот и раководителите на производните фази;
- Врши други работи по налог на Директорот на фармата
- За својата работа непосредно одговара пред Директорот на фармата;
- Се грижи за правилно одлагање на медицинскиот отпад.

**Ветеринарен техничар**

- Врши терапирање на сите категории свињи спрема упатствата од ветеринарниот лекар;
- Врши кастрирање на прасиња и нерези;
- Врши интервенции при тежок партус и чистење на заостаната постелка;
- По добиеното упатство во ветеринарниот лекар зема крв од свињите за серолошко и други испитувања;
- Врши сецирање на умрени или жртвувани свињи во присуство на ветеринарниот лекар;
- Приготвува операционо поле и асистира при разни хирушки интервенции;
- По барање на ветеринарниот лекар води евиденција и известува за потрошена количина лекови;

- Должен е во текот на работното време по повик на непосреден работник да интеревенира;
- Должен е да се јави на повик за интервенција во фармата и по завршување на работното време;
- Води евиденција за потрошени лекови;
- За сите промени во смисла на нарушување на здравствената состојба кај сите категории свињи должен е да го извести ветеринарниот лекар;
- Врши и други работи по налог на ветеринарниот лекар;

## III.2. Управување со животната средина

Во инсталацијата не е воспоставен систем за управување со животната средина или програма за управување со животната средина, ниту има назначено конкретно лице кое ќе биде одговорно за состојбата со животната средина во и околу инсталацијата. Во инсталацијата нема напишани процедури за управување со отпадот, намалување и третман на емисиите и сл. Целата одговорност за прашања поврзани со животната средина ја има Извршниот Директор кој понатаму ги делегира обврските на останатите вработени. Нивна обврска е мониторинг на целата опрема за намалување на емисиите, тековна проценка на еколошките перформанси на инсталацијата за спроведување и подобрување на процесот каде што е потребно, подготовка на планови за итни случаи, спречување на хаварии, како и спроведување обука во врска со заштитата на животната средина, здравјето и безбедноста. Евидентирањето на поплаки и истражувањата во врска со нив се исто така одговорност за заштита на животна средина.

Со мерките кои се превземаат за заштита на животната средина од страна на вработените, се намалуваат влијанијата и се запазува квалитетот на животната средина.

### Мониторинг на емисиите

Мониторинг на емисиите од активноста на инсталацијата, во периодот од 2014 до 2018, се реализирани 2 пати годишно за секоја тековна година согласно Планот за мониторинг од А Интегрираната Еколошка Дозвола бр. 11 – 6662/1. Овие активности биле вршени од страна на ангажирани надворешни организации за следење на емисиите од производните активности.
Досега инсталацијата не користела континуирани услуги од други специјализирани компании за следење на емисиите од производствените активности, па нема развиено континуиран систем за одржување на мониторингот.

## III.3 Компетентност, стручна оспособеност и свест

➢ **Обуки од областа на заштита на животна средина**

Сите вработени имаат соодветни квалификации, искуство и обука за извршување на своите задачи и функции.

Пракса во компанијата е раководители да се поставуваат откако менаџментот ќе се увери дека се доволно обучени и имаат доволно искуство да одговорат на задачите.

Персоналот за одржување има независни соодветни квалификации.

Во врска со управувањето со отпадот вработените имале обука за управување со отпадот од свињарската фарма со што го збогатиле знаењето околу проблематиките поврзани со животната средина. Оваа обука е спроведена од European Bank for Reconstruction and Development, TAM BAS programme.